Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020

# Извадок на дел од дневни настани 03.09.2020

На 02.09.2020 во 21.15 часот, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода К.К.(20) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.09.2020 во 21.45 часот било пријавено дека на регионалниот пат Берово-Струмица, на место викано „Костов мост", товарно моторно возило „застава 8310" со беровски регистарски ознаки, управувано од А.М.(54) од с.Двориште, беровско, излетало од патот. На местото на настанот починал А.М. Извршен бил увид од екипа на Полициската станица Берово.

На 02.09.2020 околу 11.45 часот на ул.„Академик Пенчо Давчев" во Велес, мотоцикл „лифан" со велешки регистарски ознаки, управуван од Ј.К.(50), удрил во куче, по што паднал на коловозот. Притоа, мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во болницата во Велес. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР велес.

На 02.09.2020 во 17.10 часот на Граничен премин „Долно Блаце", при пасошка контрола било констатирано дека Х.Л.(29) од Р.Албанија се наоѓа на листата со мерка апси по барање на Интерпол од Швајцарија. Тој бил лишен од слобода и предаден на полициски службеници од СВР Скопје за понатамошна постапка.

На 02.09.2020 во 20.30 часот во СВР Скопје, од Комплексот клиники „Мајка Тереза" било пријавено дека со тешки телесни повреди бил донесен К.Ј.(61) од с.Љубанци, скопско. Според пријавеното, во нива во с.Љубанци, К.Ј. сакајќи да го стартува неговиот трактор со помош на жица, тракторот се придвижил и со едната гума поминал преку неговото тело. Се работи на расчистување на случајот.

На 02.09.2020 во 13.00 часот во Полициското одделение Сарај, А.Л.Ј.(59) пријавила дека во с.Долна Матка била касната од куче скитник.

Во текот на 02.09.2020 на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се: едно возило бидејќи било нерегистрирано, четири возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило, двајца возачи поради поминување на крстосница на црвено светло и 44 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 02.09.2020 во 09.20 часот во Полициското одделение Новаци, Р.А.(47) од с.Арматуш пријавил дека во дворно место во с.Арматуш пронашол бомба од Првата светска војна . Бомбата била безбедно подигната од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување.

На 02.09.2020 во 16.00 часот во СВР Скопје, Д.Б.(45) од Тетово пријавила дека околу 13.00 часот пред паркинг на ул.„Филип Втори Македонски" во Скопје била физички нападната од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.09.2020 во 11.40 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Д.К.(42) од с.Волково, скопско, пријавил дека од домот се оддалечил неговиот брат А.К.(27). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Б.Ј.(41) и Л.С.(38), двајцата од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 05.07.2020 пријавените агресивно се однесувале кон вработен како обезбедување на бензинска пумпа во Куманово, а првопријавениот и физички го нападнал.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против З.Н.(37) од Велес поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „спречување на службено лице во вршење на службено дејствие" и „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 27.07.2020 на Граничен премин Делчево, пријавениот физички нападнал полициски службеници и навредувал и омаловажувал царински службеник кои извршувале службени задачи.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Д.С.(25), А.Н.(26), двајцата од Тетово и Х.Е.(26) од с.Мала Речица, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 02.07.2020 година на ул.„114" во Тетово пријавените физички го нападнале А.Б.(28) од Тетово, при што еден од нив го удрил и со тврд предмет.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Е.П.(49) од Р.Албанија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница". На 30.08.2020 на ул.„ЈНА" во Гостивар, пријавениот го навредувал Љ.М.(50) од с.Здуње, гостиварско, а се обидел да го повреди со нож.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.Ц.(31) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 08.08.2020 пред казино на ул.„Абас Емин" во Охрид, пријавениот и уште неколку лица физички ги нападнале К.М.(20) и Н.М.(25), двајцата од Охрид.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против К.И.(25) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 06.01.2020 на ул.„11-ти Октомври" во Кичево, полициски службеници извршиле преглед врз пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против С.К.(37) од Струмица поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 02.02.2020 на ул. „Благој Јанков Мучето" во Струмица, полициски службеници извршиле преглед врз Љ.Б. од Струмица и кај него пронашле кокаин, кој според неговиот исказ го купил од пријавениот С.К..

СВР Струмица поднесе кривична пријава против К.Г.С.(45) од Петрич, Р.Бугарија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,криумчарење". На 24.08.2020 на магистралниот пат Струмица – Ново Село, поточно кај с.Сушица, полициски службеници извршиле преглед на товарно возило „волво" со бугарска регистарска ознака и цистерна за цемент, управувани од пријавениот, при што во предниот дел од цистерната биле пронајдени 200 штеки цигари без контролна маркица.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против С.Ј. (52) од Куманово, за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 11.04.2020 година, во Куманово, пријавената, откако била пуштена од државен карантин, потпишала изјава за спроведување на задолжителна самоизолација во времетраење од 14 дена. При извршена проверка од страна на полициските службеници, било констатирано дека пријавената не била пронајдена дома.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет